Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Деведесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Деведесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година

Седницата започна во 13:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Кирил Парталов, државен секретар во Министерството за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје, Аце Коцевски, градоначалник на Општина Велес, Висар Ганиу, Градоначалник на Општина Чаир и Ширет Елези, посебен советник на министерот за финансии.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, Мила Царовска, министер за образование и наука и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за продолжување на процесот на институционална децентрализација и заклучоци од состанок на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржан на 16 јули 2021 година

2. Дополнување на Информација за унапредување на процесот на фискална децентрализација вклучувајќи ги и критериумите за распределба на дотацијата од ДДВ согласно симулациите

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување на процесот на институционална децентрализација и заклучоци од состанокот на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржан на 16 јули 2021 година и согласно расправата на седницата на Владата заклучи во наредниот период да продолжат да се одвиваат процесите на институционална децентрализација и на почетокот на септември 2021 година Министерството за локална самоуправа за прогресот од овие усогласувања и активности до Владата да достави соодветен предлог.

### Точка 2

Владата го разгледа Дополнувањето на Информацијата за унапредување на процесот на фискална децентрализација, вклучувајќи ги и критериумите за распределба на дотацијата од ДДВ согласно симулациите и го усвои со следните заклучоци:

1. Формираше Работна група за изготвување на соодветни законски решенија, за формирање на Агенција за регионален и локален развој со по еден претставник од Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа,

Министерството за финансии, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Бирото за рамномерен регионален развој и ЗЕЛС, чија работа ќе ја координира Министерството за локална самоуправа.
2. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за финансии, Бирото за рамномерен регионален развој и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, а се укажува на ЗЕЛС до Министерството за локална самоуправа да номинираат по еден претставник во Работната група, во рок од десет дена.

3. Се задолжува Работната група да ги достави соодветните предлог законски решенија за формирање на Агенција за регионален и локален развој до Владата, надоцна до крајот на 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии да го достави Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа на мислење до сите надлежни министерства и ЗЕЛС.

5. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветни предлог-законски решенија по однос на горенаведените приоритети, до 15 септември 2021 година.

<u>Точка 3</u>

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17.35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев